22070183

IBO

IB DIPLOMA PROGRAMME
PROGRAMME DU DIPLÔME DU BI
PROGRAMA DEL DIPLOMA DEL BI

**MACEDONIAN A1 – STANDARD LEVEL – PAPER 1**
**MACÉDONIEN A1 – NIVEAU MOYEN – ÉPREUVE 1**
**MACEDONIO A1 – NIVEL MEDIO – PRUEBA 1**

Monday 14 May 2007 (morning)
Lundi 14 mai 2007 (matin)
Lunes 14 de mayo de 2007 (mañana)

1 hour 30 minutes / 1 heure 30 minutes / 1 hora 30 minutos

---

INSTRUCTIONS TO CANDIDATES

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Write a commentary on one passage only. It is not compulsory for you to respond directly to the guiding questions provided. However, you may use them if you wish.

INSTRUCTIONS DESTINÉES AUX CANDIDATS

- N'ouvrez pas cette épreuve avant d'y être autorisé(e).
- Rédigez un commentaire sur un seul des passages. Le commentaire ne doit pas nécessairement répondre aux questions d'orientation fournies. Vous pouvez toutefois les utiliser si vous le désirez.

INSTRUCCIONES PARA LOS ALUMNOS

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Escriba un comentario sobre un solo fragmento. No es obligatorio responder directamente a las preguntas que se ofrecen a modo de guía. Sin embargo, puede usarlas si lo desea.





© IBO 2007

Коментирајте ЕДЕН од следниве извадоци поезјиа или проза:

**1.** (a)

Извадок од Уткини соседи:

**Три дена подоцна, откако појадуваше, Беломорско Сонце поита на старото место. Во општинскиот центар на Долен Бовојзо имаше панаѓур, по џадето брзаа претоварени коњи и магариња, автомобили и чези, а мноштвото беа пешаци. Повеќето застануваа на мостот за да му се восхитуваат, прашувајќи се кога ќе биде поставена оградата? Слав ги поздравуваше тие што ги познаваше, а цигарите што ги виткаше ги фрлаше во брановите недопушени. Човекот што го исчекуваше никако да помине на мостот, затоа се нервираше. Во еден миг свирна по песот и се упати по нагорницата кон изворот. Го журкаа копривите што се извишиле до неговиот појас, го лутеа и трњето што продираа низ волнените чорапи. Дабовите грмушки беа обрастени со нови гранки и лисја, но смреките му изгледаа разболени и пожолтени. Трнарчињата скокаа и создаваа несносна врева, сојките кубеа недозреани, диви јагоди. Пчелите надлетуваа барајќи маја или цутови, сѐ беше оживеано околу изворите. На Слав му се причини дека е излокана земјата од корењето на столетните дабје. Којзнае како рикале доловите овде, помисли додека налеваше вода со лименото канче. Дождовите отвориле нови извори, така што земјата бликаше на повеќе места и надолу истекуваше вистински поток. Лупеше варено јајце кога песот залаја силно, поскока кон густежот и пак се врати. Да не пребега некој зајак, се џареше војводата наоколу, да не преплаши некое срнче што доаѓаше на изворите? Песот се смири, од густежот не излезе ништо.**

извадок од романот на Божин Павловски, Уткин соседи, 1988

— Коментирајте го начинот на кој авторот ја претставува тензијата.

— Дискутирајте за начинот со кој авторот го претставува ликот.

— Коментирајте го раскажувачкиот стил во извадокот.

**1.** (b)

## КАДЕ СИ, ЗЕМЈО, ДА НЀ ПРЕГРНЕШ?

Дете плаче, се препинаат минувачите.
Мајка се корне, го бара чедото свое,
а таткото го чека времето на сонот
да се врати во домот роденски.
Нивните надежи патуваат...
Каде си, земјо, да нѐ прегрнеш?

Нема повеќе море, само недогледни песоци.
А таму во далечината Абориџан
со бумеранг си лови,
песна пее за предците свои,
а јас гледам во небото...
Каде си, земјо, да нѐ прегрнеш?

Летаат птици - галеби бели,
а ни глас нема од ластовички црни.
Се вратија и тие, нема повеќе цвркот
и јас постојано Те барам...
Каде си, земјо, да нѐ прегрнеш?

Оставени, разнесени низ времето
потонати во песокта
искапени во солзи
и постојано Те бараме со мислите
каде си Ти земјо, да нѐ прегрнеш...

од Душан Ристевски, Фрагменти, 1984

— Коментирајте како насловот и “одговара” на песната.

— На кој начин поетот ја развива мислата во песната.

— Дискутирајте за начините на кои поетот ги предизвикува чувствата во песната.

— Разгледајте за начините на кои структурата на песната го изразува значењето.